Локално

Македонија ◇ Слајдер

# ЗНМ: Осуда за обидот за цензура од страна на директорката на Токсикологија

21/05/2024 14:07

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го осудува обидот за цензура и ограничување н правото на говор од страна на Бесија Иљази, организациски директор на Клиниката за Токсиколо во Скопје.

Според денешната пријава од членови на ЗНМ, на влезот на Клиниката за Токсикологија во Скопје јавно била истакната наредба со која се забранува на вработените да имаат контакти со новинар или медиуми. Во наредбата од 20.05.2024 година, се вели дека согласно член 30 и 31 од статутот н Клиника за Токсикологија Скопје, се забранува неовластено присуство, давање изјави за јавност преку интервјуа и свикување прес-конференции, со што би се нанело штета на интересите лед на клиниката.

РСМ.

Јавните здравствени установи и сите јавни институции во државата треба да обезбедат јавност в своето работење и да информираат за своите одлуки и работа, а не да забрануваат информирање теми од јавен интерес, велат од ЗНМ.

Додаваат дека новинарите се должни да објавуваат информации што содржат сомнеж за злоупотреби на сите носители на јавни функции, бидејќи на тоа ги обврзува новинарскиот Кодекс јасно наведува дека новинарот ќе ги почитува законите, но нема да објави или сокрие ништо што спротивност со јавниот интерес.

-ЗНМ формално ќе се обрати до ресорното министерство и ќе бара одговорност од директорката Клиниката за Токсикологија и од сите инволвирани во донесувањето на оваа наредба. Дополните ЗНМ ќе инсистира за итно повлекување на наредбата и на воспоставување на транспарентност во работењето на клиниката, со цел да се осигура слободата на говор и правото на новинарите да информираат за прашања од јавен интерес, стои во соопштението.

ЗНМ КЛИНИКА ЗА ТОКСИКОЛОГИЈА

**СПОДЕЛИ**

## СЛИЧНИ СОДРЖИНИ

24/06/2024 13:02 24/06/2024 12:54 24/06/2024 12:44

© Авторски права 2024 - Сите права се задржани. Дизајн & Хостинг